Република Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Бр. _______ ______

Дата:. ___________, Скопје

**Република Македонија
Агенција за катастар на недвижности**

Трифун Хаџи Јанев бр.4
00 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3204 800

**Предмет : Известување**

Почитувани,

Почитувани корисници на електронскиот шалтер, Ве известуваме дека поради задолжителна надградба на безбедносните стандарди наметнати од меѓународниот PCI DSS (Payment Card Industry Data Security Standard) кој се однесува и на интернет (online) плаќањата со платежните картички, Casys процесинг центарот користен во електронскиот шалер за плаќање на услугите кон Агенцијата за катастар на недвижности, почнувајќи од 15.10 2017 година ќе мора да се извршуваат од Интернет прелистувач кој задолжително користи безбедносниот протокол TLS 1.2 со цел да извршите успешно плаќање.

Со цел успешно да се надмине оваа безбедносна надградба, и да немате прекин во користењето на електрнскиот шалтер, задолжително треба да ги извршите проверка дали вашиот токен е Java според упатството број 1- Проверка дали токенот е Јава.

- За корисниците на Јава токен ЗАДОЛЖИТЕЛНО е да се постапи согласно насоките во Чекор 1 и Чекор 2 последователно.
- За сите останати корисници ЗАДОЛЖИТЕЛНО е да се постапи согласно насоките само во Чекор 2.

**Чекор 1: - САМО за корисниците на Јава токен**

Доколку сте корисник на Јава Токен, а со цел да може непречено да се користи системот Електронски шалтер потребно е вашиот токен со сертификат да го замените кај овластените издавачи на персонални сертификати најдоцна до 15.10.2017 година.

Откако ќе го смените стариот Јава токен со нов, задолжително треба да го доставите новиот сериски број на дигиталниот сертификат до АКН на info@katastar.gov.mk.

**Чекор 2 – за СИТЕ корисници на електронски шалтер**

За сите корисници на електронскиот шалтер, во согласност со безбедносните стандарди наметнати од меѓународниот PCI DSS (Payment Card Industry Data Security Standard) кој се однесува и на интернет (online) плаќањата со платежните картички, за непречено функционирање на плаќањето преку електронскиот шалтер, ЗАДОЛЖИТЕЛНО треба да ги извршите подесувањата кои се наведени во упатството број 2 – Подесувања на интернет прелистувач Mozilla Firefox, најдоцна до 15.10.2017 година.

За сите прашања и нејаснотии Ве молиме да се обратите во Центарот за попддршка на професионални корисници за електронскиот шалтер на тел: 02/317 17 33.

**НАПОМЕНА:** Доколку не постапите согласно ова известување, АКН не ги сноси последиците настанати од немањето можност за користење на електронскиот шалтер од ваша страна.

Со почит,
Агенција за катастар на недвижности